Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 03- 1050**
**12.09.2024 година**

Врз основа на член 16 став 4 од Изјавата за основање на Друштвото – Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје, чијшто единствен содружник е УКИМ- Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

## за избор на Управител на Друштвото – Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје

Со овој интерен оглас се повикуваат сите заинтересирани за избор на управител на Друштвото – Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје да се јават по огласот.

Секој вработен од редот на наставно-научниот кадар на Факултетот има право да се пријави на огласот.

Управителот се избира за период од 3 години со право на повторен избор.

Правата и одговорностите на управителот се утврдени со Изјавата за основање на Друштвото – Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје.

Кандидатите за управител не можат да бидат лица од член 29-а од Законот за трговските друштва.

Заинтересираните кандидати во определениот рок преку архивата на Факултетот доставуваат пријава, програма за работа на друштвото и мотивациско писмо.

Заедно со пријавата, кандидатот за избор на управител треба да поднесе и писмена изјава (самиот ја подготвува) со која изјавува дека не е лице наведено во член 29-а од Законот за трговски друштва, како и дека не е лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со должноста управител на друштвото.

Лицето кое ќе биде предложено од Деканатската управа до Наставно – научниот совет, како кандидат за избор на управител ќе треба да достави и документ со кој се докажува дека со правосилна судска одлука делумно или во целост не му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со управител на друштвото.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

Огласот ќе биде отворен 5 (пет) дена од денот на објавувањето, а кандидатите ќе можат да ги доставаат своите пријави од 12-16 септември 2024 година.

Пријавата за избор на управител заедно со потребната документација треба да бидат доставени во затворен коверт (со назначување: Интерен оглас за избор на управител), во архивата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, со седиште на ул. Лазар Поп Трајков бр. 5-7, 1000 Скопје.

Декан,
Проф. д-р Деан Јанкулоски

МКС EN ISO/IEC 17025

Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk